**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1403 – 613/5**

**Скопје, 24. 12. 2008 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Петровец за 2007 година, кои се прикажани на страните 6 и 7.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Петровец за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Звонко Цветковски, градоначалник на општина Петровец во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 20.08.2008 до 15.09.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. На ден 09.12.2008 година примени се забелешки по Предходен извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2007 година на општина Петровец за средствата на сметката на Буџетот, под број 08-2977/1 од 04.12.2008 година, од законскиот застапник – Градоначалникот на општина Петровец. Истите се разгледани при што е одлучено следното:

- забелешките кои се однесуваат на наодот од точка **10.1.1. не се прифаќаат** и наодот останува во Конечниот извештај од причина што истите имаат карактер на известување за преземени мерки и активности по дадените препораки од ревизијата за отстранување на утврдените неправилности.
- забелешките на наодот од точка **10.1.3. не се прифаќаат** и наодот останува во Конечниот извештај од причина што ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ, како основ за нивно прифаќање.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**11.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

При оценка на системот на интерни контроли, кај процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме постоење на ризик од нецелосно и неточно утврдување и ненавремена наплата на приходите. Причината за утврдените ризици произлегува од:

- нефункционирање на даночно одделение (непополнетост на работните места во ова одделение - вработениот кој е преземен од Управата за јавни приходи и кој врши одредени работи од областа на даноците на имот, е прераспореден во друго одделение), иако согласно законските одредби еден од условите за трансфер на средства во првата фаза од децентрализацијата е во рамките на општинската администрација да има најмалку тројца вработени, кои се квалификувани да работат на утврдување и наплата на даноци.
- невоспоставени интерни контроли, отсуство на јасно дефинирани и разграничени надлежности и одговорности на вработените во општинската администрација и отсуство на пишани процедури.

Поради утврдените ризици, а од аспект на значајноста на приходите за чие администрирање е надлежна општината во вкупните приходи на Буџетот на општината, ревизијата изврши испитување на системот на интерните контроли утврдувајќи ги ризиците и клучните контроли кај следните процеси: процесот на данокот на имот, данокот на промет на недвижности и права, комуналните такси – фирмарина и надоместокот за уредување на градежно земјиште.

Покрај општо утврдените причини за нефункционирање на системот на интерни контроли и ризикот од нецелосно и неточно утврдување и наплата на одделните видови даноци, надоместоци и такси е утврдено и следното:

11.1.1. Процес на утврдување и наплата на данокот на имот

Општина Петровец нема воспоставено сопствена база на даночни обврзници по основ на данок на имот, ниту ја има преземено базата на податоци од Управата за јавни приходи – Скопје.
Решенијата за данок на имот за 2006, 2007 и 2008 година се изготвени во февруари 2008 година. Општината не располага со податоци колку вкупно решенија се издадени, за износот на утврдениот данок по овој основ и бројот на даночни обврзници.
Облогателната листа за данокот на имот е изготвена врз основа на базата на податоци во Управата за јавни приходи која содржи неажурирани податоци. Промени во вредноста на имотот не се направени, единствено се врши ажурирање на базата врз основа на ново доставените пријави од страна на даночните обврзници.
Вредноста на имотот за обврзниците кои доствиле нови даночни пријави не се утврдува согласно Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот, туку врз основа на ценовници за недвижен имот во Општина Петровец, донесени од страна на Комисијата за проценка на недвижности.
Со оглед на фактот дека Општината не располага со регистар на недвижен имот не се исполнува законската обврска за усогласување со податоците на Државниот завод за геодетски работи, што се одразува на комплетноста на податоците, ниту пак, се доставуваат податоци до Централниот регистар на Република Македонија и до Управата за јавни приходи - Генерална дирекција.

11.1.2. Процес на утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок

При пресметувањето на даночната обврска по основ на данок на промет на недвижности не се применува Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот. Имено, пазарната вредност на објектите се пресметува по цени утврдени од страна на Комисијата во 2006 година.
Пазарната вредност на земјиштето во Општина Петровец се пресметува врз основа на цени на земјоделско и градежно неизградено земјиште кои не се утврдени од страна на Советот на Општина Петровец како надлежен орган за утврдување на висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината. Цените на градежното земјиште се утврдени по зони и катастарски општини, а цените на земјоделското земјиште по катастарски општини и класи, при што во одделни населни места зоните се воопштени и не се доволно прецизирани, што може да придонесе за субјективизам при примената и нетранспарентност.
Направената пресметка на износот на данокот од страна на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот не се контролира. Нема поделба на надлежностите и одговорностите бидејќи пресметка на даночната обврска ја утврдуваат двајца раководители на одделенија како членови на комисијата.

11.1.3. Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија

Решенијата за комунална такса за истакнување на фирма за 2007 година се изготвени врз основа на неавторизирани податоци, односно не е воспоставена авторизирана облогателна листа со утврдени обврзници за плаќање комунална такса за истакнување на фирми потврдена од Градоначалникот на Општината.

Општината не располага со податоци за бројот на издадени решенија, износот на облогот и бројот на даночни обврзници.
Решенијата за комунална такса за истакнување на фирма за 2007 година не се изготвени во законскиот рок, односно се изготвени во ноември 2007 година.
Ажурирање на базата со нови даночни обврзници и бришење на ликвидирани фирми не се врши, што се објаснува со недостиг на работници.
Регистарот на обврзници за комуналната такса за истакната фирма за 2007 година не е усогласен со податоците од Централниот регистар на Република Македонија
Опомени на фирмите за неплатен долг за претходните години се испраќаат заедно со решенијата за тековната година. Присилна наплата не се врши.
Не се води даночна евиденција за секој обврзник, со податоци за износот на побарувањата, наплатата и износот на ненаплатени побарувања.

Некомплетната и неажурна евиденција на обврзниците по основ на даноци на имот и комунални такси, како и невоспоставените контролни постапки при утврдување на висината на обврските, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на Општината.

11.1.4. Надоместок за уредување на градежно земјиште

Невоспоставените интерни контроли придонесуваат за постоење на ризик од неточна пресметка на приходот од надоместок за уредување на градежно земјиште.
Основот за пресметка на висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште е во согласност со Законот за градежно земјиште и Програмата за уредување на градежното земјиште на подрачјето на Општина Петровец. Истовремено, утврдено е дека:

- не постои разграничување на надлежностите во фазата на утврдување, пресметка, контрола и наплата на приходите по овој основ. Контрола на висината на пресметаниот износ не се врши поради недостиг од квалификуван кадар во Општината.
- договорите за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште се доставуваат до сметководството по извршеното плаќање, а не во моментот на потпишување кога се создава обврската за плаќање.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Петровец да воспостави функционирање на даночно одделение, со квалификуван кадар, кое треба да:

- воспостави регистар на даночни обврзници по основ на данок на имот или да го преземе регистарот од Управата за јавни приходи со ажурирање на постојните податоци;
- решенијата за данок на имот да ги изготвува и доставува до обврзниците во законски утврдениот рок;
- да изврши усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот со податоците на Државниот завод за геодетски работи;
- да изврши усогласување на базата на податоците за обврзниците на комунална такса за истакната фирма со податоци од Централниот регистар на Република Македонија;

како и да донесе пишани процедури:

- во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите при утврдувањето и контролата на пресметките за утврдување на даноците на имот и на специфични услуги на сите вработени во организациони единици на општинската администрација вклучени во утврдувањето и наплатата на даноците, и


***Ул:"Маршал Тито"бр.12/3***
***Палата Македонија-Скопје;***
***тел: 3211-262; факс: 3126-311***

- за текот на документацијата од влезот на даночната пријава во Општината до сметководственото евидентирање на побарувањата и наплатата на даноците на имот и нивното искажување во финансиските извештаи.

Комисијата за проценка и продажба на недвижниот имот проценката на објектите кои се предмет на продажба да ја врши врз основа на Методологијата за пазарната вредност на недвижниот имот.

**11.2. Неправилна примена на акти**

11.2.1. Во 2007 година не е донесен ребаланс на буџетот на Општина Петровец иако планираните приходи за 2007 година се остварени со процент од 49,4%, а расходите со процент од 36,5%. Согласно Законот за буџетите доколку отстапувањето од планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината до советот на општината. Ефектот од недонесувањето ребаланс на буџетот е неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи за 2007 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот.

**11.3. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба**

11.3.1. Позицијата Побарувања во Билансот на состојба на 31 декември 2007 година е помалку искажана за износот на неевидентираните ненаплатени побарувања по основ данок на имот и по основ на комунална такса за истакнување фирма, што не е во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Ова е резултат на нефункционирање на даночното одделение на општината.

**Препорака:**
Одделението за администрирање со даноци и такси да воспостави евиденција на сите даночни побарувања од кои општина Петровец оставрува приходи.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точка 10.3. финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Петровец на ден 31 декември 2007 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на органот на Општина Петровец.

**Скопје, 18.12.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 7.413 | 6.002 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 999 | 705 |
| Капитални приходи | 3.3. | 272 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.4. | 19.665 | 14.505 |
| **Вкупно приходи** | | **28.349** | **21.212** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.5.1. | 5.961 | 4.842 |
| Резерви и недефинирани расходи | | 0 | 121 |
| Стоки и услуги | 3.5.2. | 8.229 | 3.724 |
| Каматни плаќања | 3.5.3. | 108 | 120 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **14.298** | **8.807** |
| **Капитални расходи** | 3.6. | 6.632 | 2.261 |
| **Вкупно расходи** | | **20.930** | **11.068** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **7.419** | **10.144** |

Образложенијата на страните од 8 до 15 се составен дел на финансиските извештаи

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 7.419 | 10.144 |
| Побарувања | 4.1.2. | 2.653 | 2.763 |
| **Вкупно тековни средства** | | **10.072** | **12.907** |
| **Вкупна актива** | | **10.072** | **12.907** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.1. | 10.072 | 12.907 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **10.072** | **12.907** |
| **Вкупна пасива** | | **10.072** | **12.907** |

Образложенијата на страните од 8 до 15 се составен дел на финансиските извештаи